Врз основа на член 5 став (1) од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/20, 133/20, 49/22, 54/22, 64/22, 125/22, 218/25, 48/26, 60/26 и 87/26), Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седница одржана на 24 април 2026 година, донесе

# Одлука

**изменување на Одлуката за определување на ескалираната густина $\rho_e$ и деескалираната густина $\rho_d$, на секој нафтен дериват и гориво за транспорт, висина на надоместокот P за премија, транспортните трошоци T до склад во Република Северна Македонија и висината на надоместокот D за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи**

## Член 1

Во Одлуката за определување на ескалираната густина $\rho_e$ и деескалираната густина $\rho_d$ на секој нафтен дериват и гориво за транспорт, висината на надоместокот P за премија, транспортните трошоци T до склад во Република Северна Македонија и висината на надоместокот D за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.237/25 и 66/26), во член 1 зборовите: „ од 24 ноември 2025 година до 26 април 2026 година" се заменуваат со зборовите:
„ од 24 ноември 2025 година до 24 мај 2026 година ".

## Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпадна Република Северна Македонија.

**Бр. 02-653/1**
**24.04.2026**

**С к о п ј е**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во согласност со член 5 од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 108/20, 133/20, 49/22, 54/22, 64/22, 125/22, 218/25, 48/26, 60/26 и 87/26), Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, врз основа на податоците од Царинската управа на Република Северна Македонија, како и податоците добиени од следењето на состојбите и функционирањето на пазарот, двапати годишно донесува одлука за определување на густината на секој нафтен дериват и гориво за транспорт од член 2, став (1) од овој правилник, со исклучок на мазутот М-1, како и за висината на надоместокот P за премија со вклучени транспортни трошоци до склад во Република Северна Македонија и висината на надоместокот D за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи.

Согласно Правилникот, оваа одлука се донесува најдоцна до последниот понеделник во мај во тековната година за периодот од последниот понеделник во мај до последниот понеделник во ноември во тековната година и најдоцна до последниот понеделник во ноември во тековната година, за периодот од последниот понеделник во ноември во тековната година до последниот понеделник во мај во наредната година.

Имајќи ја во предвид потребата од промена која произлегува со измената на член 5 од Правилникот за изменување на Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт (“Службен весник на Република Северна Македонија ” бр. 87/26),  во членот 1 од оваа Одлука се менуваат зборовите: „од 24 ноември 2025 година до 26 април 2026 година“  со зборовите “од 24 ноември 2025 година до 24 мај 2026 година“.